МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ОБЛИКУВАЊЕ НА ОБЛЕКА

-ИЗБОРНА-
IV ГОДИНА

ПРИМЕНЕТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Техничар за дизајн на облека

Скопје, 2008 година

ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ОБЛИКУВАЊЕ НА ОБЛЕКА

1.2. Образовен профил и насока
1.2.1. Образовен профил: техничар за дизајн на облека
1.2.2. Насока: применета ликовна уметност

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Четврта

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. **Број на часови годишно**: 66 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Изборен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***обликување на облека*** – изборен предмет ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да познава ликовни материјали и техники;
- да ја познава културата на облекување во минатото и денес;
- да ги опишува карактеристиките на материјалите за изработка на облека;
- да стилизира и трансформира стилска облека во сценска и современа;
- да трансформира традиционален јапонски костим во современа облека;
- да анализира и црта идејни решенија во зависност од сценското дело;
- да дизајнира сценски балетски костим од одреден историски период;
- да дизајнира облека и акцесоари од кожа;
- да скицира идејни решенија на современи костими за капење;
- да развива чувство за креативност и тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по ***обликување на облека*** – изборен предмет потребни се претходни знаења од наставните предмети: цртање/цртање и сликање од I и II година, теорија на обликувањето и дизајнот од I и II година, историја на уметноста од II година, обликување на облека I, II и III година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. МОДЕЛИ ОД ТРИКОТАЖА	**6**	***Ученикот:*** -да ги опишува карактеристиките на трикотажните ткаенини (растегливост по должина и ширина); -да дизајнира различни модели од трикотажа.	-Објаснување на карактеристиките на трикотажни материјали; -подготвување на визуелен материјал.	-Цртање/цртање и сликање -Конструкција на облека -Изработка на облека -Обликување на облека
2. ДЕТСКА ОБЛЕКА	**14**	-Да дизајнира детска облека до предучилишна возраст; -да применува соодветни материјали и колорит; -да го избира моделот според потребите и намената на возраста.	-Демонстрирање на детска облека; -подготвување на визуелен материјал.	-Цртање/цртање и сликање -Конструкција на облека -Изработка на облека -Обликување на облека
3. ЈАПОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОСТИМ - КИМОНО	**6**	-Да ги опишува карактеристиките на јапонски костим - кимоно; -да трансформира традиционален јапонски костим во современа облека.	-Објаснување карактеристичната и единствената форма на јапонскиот национален костим-кимоно; -подготвување на визуелен материјал.	-Цртање/цртање и сликање -Конструкција на облека -Изработка на облека -Обликување на облека

4.КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОМЕНИ НА МОДАТА ВО XX ВЕК	**6**	-Да ги опишува карактеристиките на облеката од XX век; -да скицира и трансформира современа облека од одделни периоди.	-Подготвување на визуелни материјали од стручна литература; -презентирање колекции на познати дизајнери од XX век.	-Цртање/цртање и сликање -Историја на облеката -Обликување на облека
5. ПРОЕКТИРАЊЕ НА ТЕАТАРСКИ КОСТИМ	**14**	-Да анализира и црта идејни решенија во зависност од сценското дело; - да изнајде решение за проектирање на театарски костим во зависност од историскиот период, карактерите и сценските потреби.	-Демонстрирање на театарски костими; -подготвување на визуелен материјал.	-Цртање/цртање и сликање -Обликување на облека
6. ПРОЕКТИРАЊЕ НА СЦЕНСКИ И БАЛЕТСКИ КОСТИМ	**8**	-Да дизајнира сценски балетски костим од одреден историски период; -да дизајнира идејни решенија со стилско единство на форма, колорит и карактер на ликот;	-Демонстрирање на балетски костим; -подготвување на визуелен материјал за балетски костим.	-Цртање/цртање и сликање -Обликување на облека

7. ПРОЕКТИРАЊЕ НА МОДЕЛИ ОД КОЖА	**8**	-Да ја познава примената на кожата според намената; -да дизајнира облека и акцесоари од кожа (ташни, новчаници, каиши итн.).	-Демонстрирање колекција на модели од кожа; -подготвување на визуелен материјал.	-Цртање/цртање и сликање -Обликување на облека
8. ПРОЕКТИРАЊЕ НА КОСТИМИ ЗА КАПЕЊЕ	**4**	-Да ги препознава ткаенините за изработка на костими за капење; -да скицира идејни решенија на современи костими за капење.	-Објаснување изработка на колекција на костими за капење; -подготвување на визуелен материјал.	-Цртање/цртање и сликање -Обликување на облека

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма **обликување на облека -** изборен предмет наставникот применува современи интерактивни методи во зависност од тематската целина. Овие методи се користат со примена на фронталната и индивидуалната форма на работа, работа во групи и парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, разговара, демонстрира ликовно-естетски идеи и резултати, дава стручни инструкции и упатства за реализација на задачите, подготвува визуелен материјал, коригира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот активноста на ученикот се состои во следење на наставните содржини и демонстрирано-илустративниот материјал, дискутирање, прибележување, цртање, истражување, набљудување, споредување, изработување индивидуални, домашни и проектни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по **обликување на облека** - изборен предмет се реализира преку практично-творечка настава во ателје за обликување на облека, во работилница за дизајн на облека и посета на биро за креирање на облека, ревии на мода, саеми, музеи (во вид на домашна работа по една недела во полугодие). Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, изработување индивидуални, домашни и проектни задачи, работилница за дизајн на облека и посета на биро за креирање на облека, ревии на мода, саеми, музеи.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите и постигнување на што поефикасни резултати се користат различни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната содржина се користи: графоскоп, компјутер, визуелни уреди, ЦД и ДВД со содржини од обликување на облеката, мостри од различни примероци од стиловите застапени во тематските целини, шеми, слики, нови и актуелни модни списанија, каталози и други наставни средства предвидени според Нормативот за наставни средства и помагала по обликување на облека за образовниот профил техничар за дизајн на облека.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, Интернет, нови и актуелни модни списанија, наставни материјали подготвени од страна на наставникот и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Оценувањето на постигањата на ученикот се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења, проектни и домашни задачи кои се користат по обработката на секоја тематска целина. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1 Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***обликување на облека*** - изборен предмет треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да ги применува литературниот јазик и писмото на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***обликување на облека*** - изборен предмет ја реализираат кадри со завршени студии по: Применета уметност и дизајн кои се акредитирани од

- **костимографија;**
- **мода и дизајн;**

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: март 2008 година

7.2. Состав на работната група:

1. Лепа Трпческа, раководител, советник во Центарот за стручно образование и обука – Скопје
2. Божана Кироска, наставник СОТУ ,,Ѓоце Стојчески" - Тетово
4. Лира Грабулоска, дипломиран сликар-костимограф, наставник ДСУПУ ,,Лазар Личеноски" - Скопје
5. Андреа Пајтонџиев, конфекциски инженер, текстилна фабрика "АНВЕНТИ" - Велес

8.ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1Датум на започнување: 01.09. 2008 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***изработка на облека - изборен програма*** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 07 - 4341/1 од 03.06. 2008 година.